**ЗДРУЖЕНИЕ НА ВЕТЕРАНИ И РЕЗЕРВИСТИ ОД ОДБРАНАТА И БЕЗБЕДНОСТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДИНИЈА**
ДОМ НА АРМ СКОПЈЕ ТЕЛ/ФАХ 02/3282-833 E-MAIL VETERANI@YAHOO.COM

Врз основа на член 23 алинеја 1 и член 104 од Законот за Здруженија и фондации (Сл. Весник на Република Македонија бр.52/2010)и член 17 од Статутот на Здружението на ветерани и резервисти од одбраната и безбедноста на Република Македонија (пречистен текст) од 2009 година Собранието на здружението на седница одржана на 24.03 2011 година донесе

# С Т А Т У Т

## НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ВЕТЕРАНИ И РЕЗЕРВИСТИ ОД ОДБРАНАТА И БЕЗБЕДНОСТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### 1 ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Здружението на ветерани и резервисти од одбраната и безбедноста на Република Македонија(вонатамошниоттекстЗВРОБ)е патриотско,мултиетничко,невладина ,непартиско, самостојно и стручно здружение на граѓани кое врши стручни работи во областа на одбраната и безбедноста , основано на принципите на доброволноста и демократичноста, согласно овој Статут , Уставот и Законот.

ЗВРОБ е непрофитно здружение, но може да врши дејности со кои се стекнува добивка, ако дејноста е поврзана со целите утврдени со овој Статут.

Името на здружението е :**Здружение на ветерани И резервисти од одбраната и безбедноста на Република Македонија**

Член 2

Седиштето на Здружението е во Скопје во Домот на АРМ - Скопје Здружението има својство на правно лице.

Член 3

ЗВРОБ има свој печат, штембил, амблем ,знаме и химна.

Печатот е во тркалезна форма со текст: **ЗДРУЖЕНИЕ НА ВЕТЕРАНИ И РЕЗЕРВИСТИ ОД ОДБРАНАТА И БЕЗБЕДНОСТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,** а во средината на печатот се наоѓа амблемот на ЗВРОБ .

Штембилот на **ЗВРОБ** е во форма на правоаголник, со текст и амблем, како печатот, со простор за број и датум.

Амблемот е симбол на **ЗВРОБ** кој се наоѓа на печатот, штембилот и знамето, и е со следниве белези: во средината на амблемот е меч со сино-бело сечиво со врвот завртен нагоре, а на дршката две раце го симболизираат единството во одбраната и безбедноста на Република Македонија. Во задницата на овој круг се гледаат фрагменти од знамето на Република Македонија. Околу кругот во кој е мечот и знамето, има втор круг со сиво-маслинеста боја, а околу овој круг се наоѓа трет круг со сина боја во кој со бели букви пишува: **ЗДРУЖЕНИЕ НА ВЕТЕРАНИ И РЕЗЕРВИСТИ ОД ОДБРАНАТА И БЕЗБЕДНОСТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**. Од надворешната страна на синиот круг скоро до врвот се протега златна плетенка од листови во чие подножје е впишана 2001, година на основање на Здружението.

Знамето е со алово-црвена боја, обрабено со жолти реси, во средината е амблемот на **ЗВРОБ** на РМ, а поднего написот со жолта боја СЕКОГАШ ВО СЛУЖБА НА ТАТКОВИНАТА.

Химната се состои од текст и музика. Текстот и музичкиот запис на химната се во прилог на овој Статут.

## 2. ЦЕЛИ,ЗАДАЧИ,ОБЛИЦИ И НАЧИНИ НА ДЕЈСТВУВАЊЕ НА ЗВРОБ

Член 4

ЗВРОБ ги има следниве цели и задачи:

1) зацврстување на свеста и уверувањето на членството за потребите и можностите за одбрана и безбедност на Република Македонија;

2) информирање на членството за актуелните воено безбедносни состојби во опкружувањето и нивното влијание на безбедноста и одбраната на Републиката,

3) јакнење на моралниот дух и патриотските чувства и негувањето на одбрамбените и безбедносните традиции на македонскиот народ и припадницита на етничките заедници што живеат во Републиката,

4) развивање И проширување на остварените врски и пријателства за време на службата во армијата и безбедноснитс структури

5) афирмирање на одбраната и безбедноста на земјата , помагање во општественото организирање на активните и резервни состави и грижа за учесниците во мировни мисии.

6) развива општествена дејност ги подржува и помага на државните институции во областа на одбраната и безбедноста.,

7) придонесува во развојот на демократијата во институциите и контролата врз армијата и полицијата.

8) придонесува во обезбедувањето влијателни мислења за подршка на РМ при зачленувањето во НАТО Алијансата и промовирање на РМ како респективен член на семејството на НАТО

9) учествува во одбележувањето на значајни настани и јубилеи од нашето историско минато;

10) се грижи за остварување на правата од Статутот на членовите како и подобрување на нивната материјална и социјална положба;

11) следење на прописите од областа на одбраната и безбедноста и давање свој творечки придонес за нивно унапредување и ефикасно функционирање;

## 3.ДЕЈНОСТИ СО КОИ СЕ ОСТВАРУВААТ ЦЕЛИТЕ

Член 5

ЗВРОБ своите цели ги остварува со следните дејности:

1.организира средби и манифестации кои се во функција на одбраната и безбедноста на Републиката,

2.по барање на Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи се вклучува со соодветни активности и дава свое мислење И стручна помош , особено во обуката на нивните резервни состави

3.соработка со надлежните државни органи во остварувањето на системот на одбраната и безбедноста на земјата,

4.организира форуми и панел дискусии за националната безбедност и изнаоѓање начини за разрешување на безбедносни проблем,

5. организира форуми и панел дискусии за равој на меѓународното етаблирање на можностите за меѓународно препознавање на Република Македонија како стабилна И безбедна држава,

6.остварува непрофитебилен безбедносен консалтинг на владини и невладини организации,

7.остварува соработка и содејство со образовните институции од областа на одбраната и бебедоста во профилирањето и едукација на кадри за извршување на безбедносната и воената професија,

8.предлага легитимни и издржани законски и подзаконски промени во легислативата од областа на одбраната ,безбедноста и заштитата,

9.организира и релизира проекти за развивање на безбедносната култура во сите сегменти од општествениот живот и

10.соработка со слични невладини организации во земјата и странство

## *4.НАЧИН НА ОДЛУЧУВАЊЕ ЗА ЗАЧЛЕНУВАЊЕ ,ИСКЛУЧУВАЊЕ И ПРЕТСАНОК ЗА ЗАЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗВРОБ*

Член 6

Обликот на здружување е слободен ,доброволен,непрофатибилен и непартиски, а заснован на патротизмот и стручната професионалност по престанување на работниот однос во органите од областа на одбраната и безбедноста, потенцијал им се става на располагање на надлежните државни органи И институции.

Член 7

**ЗВРОБ** дејствува и се организира врз територијален принцип во Република Македонија.

Општинскиот огранок на **ЗВРОБ** е основна организациона единица на членовите од територијата на една или повеќе соседни општини и на градот Скопје и Општините во неговиот состав.

Членовите на здружението во рамките на еден огранок можат да се организираат и во клубови, ако за тоа се изјаснат најмалку 5 членови. Клубови можат да се организираат на просторот на една или повеќе соседни населби или населени места.

Засебни клубови можат да се организираат на припадниците на активните и резервните состави во областа на одбраната и безбедноста, како форма на дејствување на здружението.

Клубовите можат да формираат асоцијација на ниво на **ЗВРОБ** според потесната специјалност на нивните членови.

Член на **ЗВРОБ** може да биде секој граѓанин-државјанин на РМ кој работел најмалку 5(пет) години во составите (активни или резервни) на: Мнистерството за одбрана , Министерството за внатрешни работи,Агенцијата за разузнавање , Центарот за управување со кризи, Дирекцијта за заштита и спасување,Судската полиција, и Царината, или бил во мировна мисија и кој доброволно ќе пристапи кон Здружението и ги прифаќа статутарните и програмски определби на **ЗВРОБ.**

Во ЗВРОБ може да членуваат и други граѓани во својство на придружни членови .

Придружни членови можат да бидат граѓани кои ги прифаќаат целите и програмските определби на ЗВРОБ и можат да допринесат во неговата афирмација, што го цени комисија.

За почесни членови можат да се прогласат лица кои дале особен придонес за одбраната и безбдноста и имплементација на целите и задачите на ЗВРОБ, за што одлучува Извршниот одбор на ЗВРОБ.Почесно членство може да се додели и постхумно.

Зачленувањето во ЗВРОБ се врши со пристапница .

Член 8

ЗВРОБ може да се поврзува или здружува во сојузи или во други облици на меѓународни ветерански организации , за заедничко унапредување на својата работа и активности за усогласување на посебните и заедничките цели и интереси во областа за која се основани, како и за остварување на други прашања од заеднички интерес .

Општинските организации на ЗВРОБ од пограничните општини на Република Македонија можат да развиваат непосредна соработка о соодветни ветеански организации со соседните земји , а во рамките на програмата и активностите на ЗВРОБ.

Член 9

ЗВРОБ за своите членови води регистар на членството, кој се ажурира еднаш на две години .

За придружните членови се води одделен регистар

Здружението ја гарантира анонимноста на личните податоци на членовите кои тоа го побараат.

Членовите и придружните членови имаат членска легитимација.

Легитимацијата на предната страна, во средина горе, има амблем на ЗВОБ , под него стои полното име на здружението, написот ЧЛЕНСКА ЛЕГИТИМАЦИЈА, и редниот број под кој е заведен членот во регистарот. На задната страна легетимацијата има: во заднината вграден амблен на ЗВРОБ слика и податоци на членот ( име и презиме, адреса на живеење и матичен број ), дата на издавање, потпис на председателот и печат на ЗВОБ.

Членската легитимација за придружните членови е со различна боја и под написот ЧЛЕНСКА ЛЕГИТИМАЦИЈА стои ПРИДРУЖЕН ЧЛЕН.

Член 10

Членувањето во ЗВРОБ престанува со:

- Доброволно истапување од ЗВРОБ
- Смрт и
- Со бришење од Регистарот на членството поради подолготрајна пасивност и неизвршување на должностите од член 35 на овој Статут.

## 5. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 11

Членот на ЗВРОБ ги има следните права,должности и одговорности:

- Да учествува во работата на ЗВРОБ,
- Да дава предлози, мислења и да изнесува свои ставови во врска со работата на ЗВРОБ и неговите органи;
- Да избира и да биде избран во органите на ЗВРОБ;
- Во својата работа да се придржува на програмските цели и задачи на ЗВРОБ
- Да бара и да добива стручна помош
- Редовно да ја плаќа членарината

Сите членови на ЗВРОБ имаат еднакви права и должности.

## *6.ОРГАНИ, СОСТАВ,НАЧИН НА ИЗБОР И РАЗРЕШУВАЊЕ,ТРАЕЊЕ НА МАНДАТОТ НА ЧЛЕНОВИТЕ ВО ОРГАНИТЕ И НАЧИН НА ОДЛУЧУВАЊЕ*

Член 12

Органи на ЗВРОБ се:

- Собрание;
- Извршен одбор ;
- Надзорен одбор;

Органи на општинскиот огранок на ЗВРОБ се:

- Собрание;
- Извршен одбор;

Член 13

Собранието на општинскиот огранок го сочинуваат сите членови на здружението на подрачјето на општината.

Собранието на огранокот избира извршен одбор од 5 до 11 членови.

Собранието на огранокот избира претседател и потпретседател на собранието кои воедно се и претседател и потпретседател на извршниот одбор , а од редот на членовите именува секретар и администратор-благајник.

Претседателот на собранието на општинскиот огранок по функција е претставник во собранието на ЗВРОБ.

Член 14

Собранието на општинскиот огранок:

- донесува програма и план за работа на општинскиот огранок, во согласност со програмата и планот за работа на ЗВРОБ,
- донесува програма за користење на финансиските средства доделени од ЗВРОБ и сопствените финансиски средства,
- донесува периодичен и годишен извештај за својата работа.,
- избира и отповикува предстаавници во собранието на ЗВРОБ,
- врши и други работи во согласно со Статутот и општите акти на ЗВРОБ.

Член 15

Извршниот одбор на општинскиот огранок:

- ги подготвува седниците на собранието.,
- ги подготвува предлозите на програмите, плановите и извештаите што ги донесува собранието,
- врши и други работи согласно статутот и одлуките на собранието и извршниот одбор на ЗВРОБ.

Член 16

Собранието на ЗВРОБ е највисоко тело и го сочинуваат претставниците на општинските огранoци од сите градови во Републиката каде има огранoци.

Собранието на ЗВРОБ брои 40 претставници.

Бројот на избраните преставници да се одредува со посевбна одлука врз база на бројната состојба на огранoцита, при тоа секој огранок мора да има најмалку еден преставник.

Член 17

Собранието на ЗВРОБ:

- Донесува статут, програма и други акти;
- Усвојува годишен извештај за работа и финансиски извештај и го објавува на својата ВЕБ страница,
- Доставува финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа , односно до органот на општините ,општините во грдот Скопје и градот Скопје во случаите кога користи средства од Буџетот на Република Македонија, односно буџетите на единиците на локалната самоуправа.
- Одлучува за измени и дополна на целите и задачите на ЗВРОБ
- Одлучува за внатрешната организација и организаицоните форми на органите на ЗВРОБ , односно основање и укинување на ограноци и други облици на организирање.
- Одлучува за здружување или разделување со и од други здруженија и за зачленување во сојузи и меѓународни организации;
- Избира и разрешува членови на органите
- Одлучува за статутарните измени на ЗВРОБ
- Одлучува за формирање стручни тела - комисии и за делокругот на нивната работа;
- Одлучува за престанок на ЗВРОБ со двотретинско мнозинство,
- Одлучува и за други прашања кои не се во надлежност на другите тела на ЗВРОБ и;
- Врши и други работи во согласност со Статутот и општите акти на Здружението.

Член 18

Собранието на ЗВРОБ избира извршен одбор од 15 члена и Надзорен одбор од 3 члена.

Извршниот одбор бира претседател,2 потрпетседатели и 4-5 членови на Претседателството и именува генерален секретар и администратор-благајник

Претседателот и потпретседателите на извршниот одбор се воедно и претседател и потпретседатели на собранието.

Во претседателството по функција членуваат претседателот, потпртседателите и генералниот секретар.

Член 19

Собранието работи на седници.

Собранието по правило одржува седница најмалку еднаш годишно.

Вонредна седница на Собранието може да се одржи по писмено барање на една третина од членовите на ЗВРОБ.

Вонредна седница на Собранието се одржува во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барање за одржување.

Член 20

Извршниот одбор наЗВРОБ :

- Ги подготвува седниците на собранието;
- Подготвува предлог за измени И дополни на Статутот , подготвува други одлуки и акти што треба да ги донесе Собранието;
- Ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени од Собранието;
- Управува и одговара за управувањето со имотот на ЗВРОБ;
- Подготвува годишен или периодичен извештај за својата работа;
- Формира работни тела-комисии;
- Одлучува за доделување признанија; и
- Врши и други работи.

Член 21

Претседателството е оперативно тело на Извршниот одбор на ЗВРОБ и превзема активности за извршување на одлуките на Собранието и Извршниот одбор на ЗВРОБ.

Претседателството завзема ставови по актуелни прашања од значење И интерес за ЗВРОБ и по потреба ја запознава јавноста.

За завземените ставови и превземените активности Претседателството го известува и му ги поднесува на потврдување на Извршниот одбор , на првата наредна седница.

Член 22

Собранието - Извршниот одбор може да работи ако на него присуствуваат повеќе од половината од неговите членови.

Собранието - извршниот одбор одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните,

Во претседателството по функција членуваат претседателот, потпртседателите и генералниот секретар.

Член 19

Собранието работи на седници.

Собранието по правило одржува седница најмалку еднаш годишно.

Вонредна седница на Собранието може да се одржи по писмено барање на една третина од членовите на ЗВРОБ.

Вонредна седница на Собранието се одржува во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барање за одржување.

Член 20

Извршниот одбор наЗВРОБ :

- Ги подготвува седниците на собранието;
- Подготвува предлог за измени И дополни на Статутот , подготвува други одлуки и акти што треба да ги донесе Собранието;
- Ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени од Собранието;
- Управува и одговара за управувањето со имотот на ЗВРОБ;
- Подготвува годишен или периодичен извештај за својата работа;
- Формира работни тела-комисии;
- Одлучува за доделување признанија; и
- Врши и други работи.

Член 21

Претседателството е оперативно тело на Извршниот одбор на ЗВРОБ и превзема активности за извршување на одлуките на Собранието и Извршниот одбор на ЗВРОБ.

Претседателството завзема ставови по актуелни прашања од значење И интерес за ЗВРОБ и по потреба ја запознава јавноста.

За завземените ставови и превземените активности Претседателството го известува и му ги поднесува на потврдување на Извршниот одбор , на првата наредна седница.

Член 22

Собранието - Извршниот одбор може да работи ако на него присуствуваат повеќе од половината од неговите членови.

Собранието - извршниот одбор одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните,

Член 28

На генералниот секретар му помага администраторот-благајник, што по негов предлог го именува Извршниот одбор.

Администраторот-благајник присуствува на сите седници на Извршниот одбор и е одговорен за сите административно-финансиски работи.

На крајот од годината администраторот-благајник поднесува извештај за својата работа до Извршниот одбор.

Администраторот-благајник ја води и чува архивата на ЗВРОБ.

Член 29

Надзорниот одбор се состои од 3 члена, кои ги избира Собранието, а членовите на Надзорниот одбор помеѓу себе избираат претседател.

Надзорниот одбор се грижи за правилно извршување на овој Статут, програмата и другите општи акти со кои се уредуваат прашањата за работата и меѓусебните односи на членовите на ЗВРОБ, врши надзор-контрола на финансиското и материјално работење на ЗВРОБ, на сите нивоа на организирање.

Надзорниот одбор се состанува најмалку еднаш годишно и изготвува годишен извештај за својата работа и утврдените состојби.

Членовите на Надзорниот одбор имаат право да присуствуваат на седниците на Извршниот одбор .

Член 30

Мандатот на органите на ЗВРОБ трае 4 години со можност за повторен избор.

## *7.ЗАСТАПУВАЊЕ ПО ЗАКОН*

Член 31

Здружението пред трети лица и пред органите на управата го застапува претседателот на Извршниот одбор , а во негова спреченост ,ЗВРОБ го претставува еден од потпретседателите кој ќе го одреди претседателот.

## *8.СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО СРЕДСТВАТА*

Член 32

ЗВРОБ може да стекнува предмети , парични средства и имотни права.

ЗВРОБ средствата ги стекнува од членарината, прилози, донации, подароци, Буџетот на Републиката, буџетите на единиците на локалната самоуправаи со нив располага во согласност со законот и овој Статут.

Член 33

Надзорниот одбор врши контрола за наменско користење и располагање со средствата и приходите на ЗВРОБ.

Секој член има право да бара да изврши увид во користењето на средствата и приходите на ЗВРОБ преку Надзорниот одбор.

## 9.ОСТВАРУВАЊЕ НА ЈАВНОСТА И ОТЧЕТНОСТ ВО РАБОТАТА

Член 34

Работата на ЗВРОБ е јавна.

Обезбедување и остварување јавност во работата на ЗВРОБ се врши преку:

- Присуство на неговите членови и на другите заинтересирани лица на седниците на нејзините органи;
- Достапност на извештаите и другите материјали во врска со работата на ЗВРОБ ;
- Издавање соопштенија за јавноста и настапување на овластени претставници на ЗВРОБ преку средствата за информирање.
- Издавање на посебно гласило.
- Веб страница на интернет.

## 10. НАЧИН НА ДОНЕСУВАЊЕ , ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ, СТАТУТАРНИ ПРОМЕНИ,ДОНЕСУВАЊЕ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ И ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 35

Измени или дополни на Статутот врши Собранието со јавно гласање и тоа ако се присатни повеќе од половина од делегатите на Собранието.

За реализација на целите и задачите од овој Статут , ЗВРОБ донесува годишна Програма за работа , финансиски извештај и други извештаи по потреба.

Член 36

ЗВРОБ престанува:

- Ако е донесена одлука на Собранието на ЗВРОБ со двотретинско мнозинство
- Ако бројот на членовите на ЗВРОБ се намали под бројот определен за основање (член 17 од Законот );

- Ако Уставниот суд на Република Македонија донесе одлука дека програмата и Статутот на ЗВРОБ не се во согласност со Уставот;
- Ако се утврди дека ЗВРОБ престанало со работа и
- Во други случаи определени со закон.

Лицето кое го застапува ЗВРОБ е должно за околностите од ставот 1 на овој член да го извести Основниот суд Скопје и Централниот Регистар во рок од 15 дена по нивното настанување.

## *11.ПОСТАПУВАЊЕ СО СРЕДСТВАТА И ИМОТОТ ВО СЛУЧАЈ НА ПРЕСТАНОК НА ЗВОБ*

Член 37

По престанокот на работата на ЗВРОБ имотот и средствата што остануваат по намирувањето на обврските ќе бидат дадени на Црвениот крст на Република Македонија, а архивата ќе се предаде на Министерството за одбрана или Министерството за внатрешни работи.

## *12.ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ОСНОВАЊЕ ОГРАНОЦИ (ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ)*

Член 38

Собранието на ЗВРОБ донесува одлука за основање и укинување на ограноци и други облици на организирање на ЗВРОБ. Во таа одлука подетално ќе се определат условите за основање ограноци, во согласност со одредбите на овој Статут.

## *13 . ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ*

Член 41

Одлука за изменување и дополнување на Статутот донесува Собранието на ЗВРОБ во постапка, како што е донесен и овој Статут.

Член 42

Овој Статут влегува во сила од денот на неговото усвојување.

**24.03.2011** година

С к о п ј е

**Претседател**

*Илија Николовски*